**ЗАПИСНИК**
**Од 32-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 28.11.2023 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, ноември 2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-2322/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 32-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 28.11.2023 година, со почеток во 10:00 часот**

Триесет и втората седница на Општина Бутел се одржа на 28.11.2023 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Оливера Ливриниќ, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.
Отсутни: Нема

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски, Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев и раководителот на секторот за финансиски прашања г.Андреј Димов.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Д-р Игор Николов го стави Записникот од 31-та седница на гласање и констатира дека Советот со 18 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“, истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
2. Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавното осветлување.
4. Предлог-Одлука за избор/неизбор на командир на полициска станица од општа надлежност Чаир-Скопје.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев се пријави за збор и побара дополнување на дневниот ред со дополнителна точка: Предлог-Одлука за финансиско учество на Општина Бутел во реализација на Проектот „рехабилитација на дел од улица „Александар Урдаревски“-фаза 2“.

Советникот Игорче Милановски се пријави за збор и побара дополнување на дневниот ред со три точки: Предлог-Одлука за доделување финансиски средства на Боречки клуб „ ВАРДАР 1961“, Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на Карате клуб „Кеикс“ и Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на „ФК БУТЕЛ 2017“ за организација на новогодишен турнир во мал фудбал.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски во врска со предложените точки од советникот Игорче Милановски. Градоначалникот изјави дека барањата се разгледани и дека се работи за настани кои се надвор од програмата.

За збор се јави советничката Оливера Николовска и побара дополнување на дневниот ред со една точка: Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на Гоце Касаповски.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски и побара дополнување на дневниот ред со една точка: Предлог-Одлука за доделување финансиски средства на Шабан Трстена.

За збор се пријави советникот Александар Ѓорчевски и побара дополнување на дневниот ред со една точка: Барање до Град Скопје за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Бутел, за чистење на речното корито на река Серава.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање Предлог-дневниот ред со дополнителните точки, предложени од Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев, советникот Игорче Милановски, Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски, советничката Оливера Николовска и советникот Александар Ѓорчевски. Советниците со 18 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

**По првата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.,** и беше даден збор на претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка.
Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 17 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По втората точка од дневниот ред Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година,** и беше даден збор на претседателката на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов даде образложение по Предлог – Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка.
Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои втората точка со 17 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По третата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавното осветлување,** и беше даден збор на претседателката на Комисијата статут и прописи Весна Ѓорѓевска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавното осветлување и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да даде образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавното осветлување.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по третата точка.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и постави прашање дали услугите што ги плаќаат граѓаните кон комуналното претпријатие ќе и бидат тргнати и тие услуги ќе ги врши Јавното претпријатие на Општина Бутел.

На прашањето на советничката Оливера Ливриниќ детално образложение за начинот на работа и надлежностите на Јавното претпријатие даде Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев.

За збор се пријави советникот Дарко Димовски и побара објаснување од Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев. Дали со ова Јавно претпријатие ќе се создаде депонија каде отпадот ќе биде депониран.

На прашањето на советникот Дарко Димовски детално образложение даде Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање третата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои третата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По четвртата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за избор/неизбор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Чаир-Скопје,** му беше даден збор на претседателот на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања Стојан Петкуќевски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за избор/неизбор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Чаир-Скопје и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да даде образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за избор/неизбор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Чаир-Скопје.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата точка.

За збор се јави советикот Чедо Николовски и побара пауза од пет минути да се консултира со колегите како би гласале.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов предложи да се слушнат сите коментари и излагањето на Градоначалникот па потоа да се даде пауза.

За збор се пријави советникот Стојан Петкуќевски и изјав дека предложениот кандидат за командир Игор Петровски е со најдолгогдишно искуство и е жител на Општина Бутел.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски и изјави дека позитивна работа е што кандидатот кој е избран за командир Игор Петровски е жител на Општина Бутел и се работи за човек со долгогодишно искуство во полицијата и е квалитетен кадар.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и изјави дека е доволно образложението од страна на колегата и нема потреба од пауза.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање четвртата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои четвртата точка со 15 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и 4 гласови „ВОЗДРЖАНИ".

**По петата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за финансиско учество на Општина Бутел во реализација на Проектот: Рехабилитација на дел од улица „Александар Урдаревски"-фаза 2,** му беше даден збор на Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев да даде образложение по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Одлуката за финансиско учество на Општина Бутел во реализација на Проектот: Рехабилитација на дел од улица „Александар Урдаревски"-фаза 2.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по петата точка.

За збор се пријави раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов и извести дека средствата за финансиско учество на Општина Бутел во реализација на Проектот: Рехабилитација на дел од улица „Александар Урдаревски"-фаза 2 ќе бидат обезбедени од буџетот за 2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање петата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои петата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По шестата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување финансиски средства на Шабан Трстена,** предложена од Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски, Претседателот на Советот отвори расправа.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по шестата точка.

За збор се јави раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов и нагласи да имаат во предвид за финансиските средства кои ќе се доделат во ова и наредните точки за финансиска поддршка да не поминат 890 000 денари.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и изјави дека Шабан Трстена има постигнато многу големи резултати и ја заслужува оваа помош од Општина Бутел.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски и изјави дека има забелешка за предходното гласање за избор на командир.  Нагласи дека националноста не треба да биде пресудна за гласањето.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави, кога станува збор за јавниот интерес не треба да се гледа ниту на партиската ниту на верската припадност.

За збор се пријави советникот Самир Исени и се изјасни дека за четвртата точка гласал воздржан затоа што не го познава кандидатот а не поради националната припадност.

За збор се пријави советникот Аљајдин Сали и изјави дека за четвртата точка гласале воздржани само поради тоа што не го познаваат кандидатот а не поради неговата националност.

За збор се јави Градоначаликот на Општина Бутел г.Дарко Костовски и нагласи дека кандидатот за командир е предложен од страна на Министерството за внатрешни работи.

За збор се јави советникот Стојан Петкуќевски и нагласи дека имало Комисија за мандатни прашања избори и именувања и на комисијата биле образложени сите кандидати за командир.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски со барање до ново избраниот командир на крајот на годината да поднесе извештај од сработеното..

За збор се пријави советникот Сеат Арслани и тој исто како и колегите се изјасни дека причината поради која гласал воздржан за четвртата точка не е поради националноста на кандидатот.

За збор се пријави советникот Самир Исени и повторно и се изјани дека причината поради која не гласал за четвртата точка не е од националистички причини.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање шестата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои шестата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По седмата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување финансиски средства на Боречки клуб „ВАРДАР 1961“,** му беше даден збор на претседателот на Комисијата за спорт Игорче Милановски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување финансиски средства на Боречки клуб „ВАРДАР 1961“ Скопје и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на советникот Игорче Милановски да даде детално образложение по оваа точка.

Советникот Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување финансиски средства на Боречки клуб „ВАРДАР 1961“.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по седмата точка.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и му постави прашање на Градоначалникот на Општина Бутел г.Дарко Костовски во врска со ваучерите кои беа доделени на клубовите до каде се и дали ќе бидат исплатени.

Градоначалникот на Општина Бутел г.дарко Костовски му одговори на прашањето на советникот Чедо Николовски, дека средствата веќе се почнати да се исплаќаат.

Советникот Чедо Николовски му се заблагодари на Градоначалникот за помошта на сите клуови и нагласи дека ниту една општина не помага на спортот како Општина Бутел.

Градоначалникот на Општина Бутел нагласи дека треба да бидат горди како советници и дека Општина Бутел доделила повеќе од сто стипендии.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и изјави дека тука се гледа големината на општината.

За збор се пријави советничката Љејља Исени се изјасни дека има забелешка до Градоначалникот и не сака да се прават национални разлики бидејќи сите сме граѓани на оваа држава.

За збор се пријави Градоначалникот г.Дарко Костовски и се обрати на советничката Љејља Исени и појасни дека е Градоначалник на сите граѓани без разлика на етничката припадност.

За збор се пријави раководителот на секторот за финансиски прашања Андреј Димов и нагласи сите барања што пристигнуваат до Советот за финансиска помош да бидат со комплетна документација.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање седмата точка.
Советот на Општина Бутел ја усвои седмата точка со 17 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По осмата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на Карате клуб „Кеикс",** му беше даден збор на претседателот на Комисијата за спорт Игорче Милановски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување на финансиски средства на Карате клуб „Кеикс" и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на советникот Игорче Милановски да даде детално образложение по оваа точка.

Советникот Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на финансиски средства на Карате клуб „Кеикс".

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по осмата точка.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање осмата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои осмата точка со 18 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По деветата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на ФК БУТЕЛ 2017 за организација на новогодишен турнир во мал фудбал,** му беше даден збор на Претседателот на Комисијата за спорт Игорче Милановски да даде извештај по оваа точка.

Советникот истакна дека Комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Одлуката за доделување на финансиски средства на **„**ФК БУТЕЛ 2017" за организација на новогодишен турнир во мал фудбал и ја доствува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на советникот Игорче Милановски да даде детално образложение по оваа точка.

Советникот Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на финансиски средства на **„**ФК БУТЕЛ 2017" за организација на новогодишен турнир во мал фудбал.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по деветата точка.

За збор се јави советникот Чедо Николовски и даде предлог новогодишниот турнир да биде традиционален турнир кој ќе се оддржува секоја година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање деветата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои деветата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По десетата дополнителна точка од дневниот ред Предлог-Одлука за доделување на финансиски средства на Гоце Касаповски,** и беше даден збор на советничката Оливера Николовска како предлагач на точката да даде детално образложение.

Советничката Оливера Николовска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за доделување на финансиски средства на Гоце Касаповски.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање десетата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои десетата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По единаесетата дополнителна точка од дневниот ред Барање до Град Скопје за воспоставување меѓуопштинска соработка, помеѓу Град Скопје и Општина Бутел за чистење на речното корито на река Серава,** му беше даден збор на

советникот Александар Ѓорчевски како предлагач на точката да даде детално образложение.

Советникот Александар Ѓорчевски даде детално образложение во врска со Барањето до Град Скопје за воспоставување меѓуопштинска соработка, помеѓу Град Скопје и Општина Бутел за чистење на речното корито на река Серава.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање единаесетата точка.

Советот на Општина Бутел ја усвои единаесетата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесет и втората седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов